# ХРОНИКИ И СООПШТЕНИЈА

342.24(4—664):061.3(049.3)

## Тркалезна маса „ФЕДЕРАЛИЗМОТ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧИТЕ ЗЕМЈИ" (СССР, СФРЈ и ЧССР)

Од 5 до 10 октомври 1987 година во Скопје и Охрид, во организација на Македонската академија на науките и уметностите, а во соорганизација со Институтот на државата и правото на Академијата на науките на СССР на државата и правото на ЧСАН, се одржа тркалезна маса на тема: „Федерализмот во социјалистичките земји (СССР, СФРЈ и ЧССР)

Тркалезната маса беше отворена во Скопје, на 6 октомври, со пригоден говор на акад. Евгени Димитров, претседател на Организациониот одбор. Одржувањето на оваа научна средба беше поздравено и од акад. Јордан Поп-Јорданов, претседател на МАНУ, а потоа учесниците и гостите ги поздравија и претставникот на советските учесници д-р Ј. Л. Шуљженко и претставникот на чехословачките учесници проф. д-р И. Гроспич. На овој еминентен меѓународен собир, покрај учесниците, присуствуваа со реферати и членови на МАНУ, како и бројни научни, културни и јавни работници од градот и од Републиката.

Според претходно договорената програма на тркалезната маса беа утврдени шест теми и секоја страна-учесник требаше за секоја тема да изготви посебен реферат. На работното заседание на тркалезната маса од југословенска страна беа поднесени следните реферати: акад. Евгени Димитров, Создавањето и развитокот на југословенскиот федерализам; акад. Александар Фира, Односи федерација и социјалистичких република, односно социјалистичких аутономних покрајина у области законодавства, проф. д-р Ѓорѓи Цаца, Односи меѓу федерацијата и социјалистичките републики, односно социјалистичките автономни покраини во областа на извршната и управната функција; проф. д-р Иван Кристан, положај и функције социјалистичких република и аутономних покрајина у Југославији; проф. д-р Мијат Шуковић, Учешће социјалистичких република и социјалистичких аутономних покрајина у остваривању функција федерације; и акад. Ксенте Богоев, Економските и финансиските односи меѓу федерацијата и републиките, односно автономните покраини во СФРЈ.

Од Институтот на државата и правото на Академијата на науките на СССР беа презентирани вкупно шест реферати од следните автори: проф. д-р Б.Н. Топорнин, Актуелните проблеми и развитокот на советскиот федерализам; Ј. Л. Шуљженко, Разграничување на надлежностите на Сојузот на ССР и сојузните републики во областа на законодавството; И. Ш. Муксинов, Односите на Советот на министрите на СССР и советите на министрите на сојузните републики во областа на управувањето со економската и социјално-културната изградба; проф. д-р И. А. Азовкин, Правната положба на сојузните републики во

СССР; проф. д-р Б. А. Страшун, Учеството на сојузните републики во донесувањето на државните одлуки од страна на Сојузот на ССР; и проф. д-р Н. И. Козјубра, Односите на сојузните републики со органите на Сојузот на ССР во областа на планирањето и државниот буџет.

Претставниците на Институтот на државата и правото на ЧСАН ги поднесоа следните реферати: проф. д-р Иржи Гроспич, Создавање и развиток на федерализмот во ЧССР; проф. д-р Иржи Гроспич, Меѓусебните односи на федерацијата и републиките во областа на законодавството во ЧССР; Рихард Помагач, Меѓусебните односи на владите и на централните управни органи на федерацијата и републиките во ЧССР; Милош Матула, Положбата и функциите на федералните единици и учеството на федералните единици во остварувањето на функциите на федерацијата во ЧССР; и Рихард Помагач, Економските и финансиските односи меѓу федерацијата и републиките во ЧССР.

По разгледувањето на сите шест теми се разви мошне плодна и конструктивна дискусија. Имаше повеќе прашања со цел да се добијат попрецизни и попродлабочени појаснувања, а дискусиите, засновани врз научните погледи на одделните учесници, беа водени во духот на отвореност и толеранција.

Печатот, радиото и телевизијата со интерес ја следеа работата на научниот собир и навремено ја информираа јавноста за неговите резултати.

Презентираните реферати ќе бидат објавени во посебен зборник во издание на организаторот домаќин — Македонската академија на науките и уметностите.

Благој СТОИЧОВСКИ